НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ТЕАТАР
КОМЕДИЈА

Врз основа на согласно чл.77-а ст.2 и чл. 77-б од Законот за култура в.в. со чл.22 став 1 т. 1 и т. 4 како и чл.23 од Законот за работни односи (Службен весник на РМ бр.62 од 28.07.2005 година и Измените и дополнувањата на законот за работни односи Сл.Весник бр.106, бр.161, бр.114, бр.130, бр.50, бр.52, бр.124, бр.47, бр.11, бр.39, бр.13, бр.25, бр.170, бр.187, бр.113, бр.20, бр.33, бр.72, бр.129, бр.27 и бр.120), Националната установа ТЕАТАР КОМЕДИЈА Скопје, распишува:

# ЈАВЕН ОГЛАС
## за потреба од вработување

**А) НУ Театар Комедија Скопје има потреба од вработување на едно (1) лице на неопределено време за извршување работи и задачи на следново работно место:**

**1. Суфлер (1) извршител.**

**Б) НУ Театар Комедија Скопје има потреба од вработување на три (3) лица на определено време до 31.12.2019 година, за извршување работи и задачи на следниве работни места:**

1. Актер трета група (1) извршител,
2. Актер четврта група (2) извршители.

**II. Кандидатите покрај општите услови утврдени во чл.77-б ст.1 од Законот за култура, треба да ги исполнуваат следните посебни услови:**

**1. За Суфлер**

Високо образование со 240 кредити по ЕКТС, со 1 година работно искуство во струката, познавање на странски јазик (ниво CEFR) A1,

**2. За актер трета група**

Високо образование со вид на образование Драмски уметности (отсек актер), 240 ЕКТС, со или без работно искуство во приватен или јавен сектор, познавање на странски јазик (ниво CEFR) A1.

Изборот на кандидатите за актерите ќе се врши по пат на аудиција.

**3. За актер четврта група**

Високо образование со вид на образование Драмски уметности (отсек актер), 240 ЕКТС, со или без работно искуство во приватен или јавен сектор, познавање на странски јазик (ниво CEFR) A1.

Изборот на кандидатите за актерите ќе се врши по пат на аудиција.

**IV. Дневното и неделното работно време за огласените работни места ќе се организира зависно од програмата за работа на работодавачот, а во рамките на 40 часовното неделно работно време.**

V. Основната нето плата за огласените работни места изнесува:

1. Суфлер 20.384,00 денари
2. За Актер 3 група 24.800,00 денари
3. Актер 4 група 24.800,00 денари

VI. Кандидатите кон пријавата треба да приложат:

- кратка биографија
- доказ за завршено образование,
- уверение за државјанство не постаро од 6/шест месеци
- фотокопија од лична карта.

VII. Јавниот оглас трае пет (5) работни дена од денот на објавување во 3 дневни весници и тоа два на македонски јазик-Нова Македонија, Слободен печат и еден на албански јазик-Коха.

Некомплетни документи нема да бидат земени предвид при избор на кандидат.

Пријавите за вработување со потребните документи да се доставуваат на адреса:

НУ ТЕАТАР КОМЕДИЈА Скопје, Бул. Климент Охридски бб 1000 Скопје, или во архивата на

НУ ТЕАТАР КОМЕДИЈА Скопје, најдоцна до 15.02.2019 година до 16:30 часот.

**08.02.2019 год.**
**Скопје**

**За НУ ТЕАТАР КОМЕДИЈА Скопје**
**Директор Сашо Ристовски**